Македонски центар за меѓународна соработка

О Г Л А С
ЗА НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ НА МЦМС
СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

МЦМС е граѓанска организација која верува во мир, хармонија и просперитет на Македонија и Балканот, засновани на универзалните принципи на граѓанското општество и партиципативната демократија, доброто владеење, рамномерниот социоекономски развој, меѓузависноста и културната разновидност.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е една од водечките граѓански организации во Македонија и Балканот. МЦМС е организација со специјален консултативен статус во Економско-социјалниот совет на Обединетите нации и е членка на повеќе меѓународни организации. Повеќе информации на www.mcms.org.mk и www.graganskisvet.org.mk.

МЦМС е водечка организација во повеќе подрачја и сектори. За идниот развој на програми и активности во Македонија и Балканот, **МЦМС има потреба од надворешни стручни соработници за краткорочни проекти и задачи** и тоа за подолу наведените подрачја и сектори:

НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА - политики за намалување на сиромаштијата, социјална кохезија, социјални и здравствени политики јавно-приватни партнерства за намалување на сиромаштијата;

ОБРАЗОВАНИЕ - неформално образование и доживотно учење, образование за маргинализирани групи; граѓанско образование;

РУРАЛЕН И РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ концепти на рурален развој, заедничка политика на ЕУ за рурален развој и земјоделие, рурална инфраструктура, рурален туризам, развој на капацитет на рурални општини, локални економски планови; **регионален развој, прекугранична соработка;**

ПРЕТПРИЕМНИШТВО развој на микро, мали и средни претпријатија; околина за развој на претприемништво; услуги за развој на претприемништво и бизниси; пристап кон финансиски и банкарски услуги;

ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО развој на граѓанското општество; учество на граѓаните во креирање, следење и оценување на **јавни политики**; учество на граѓаните во креирање, следење и оценување на **националниот буџет**; градење на јавна свест;

ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ партиципација, транспарентност, одговорност и отчетност; **анти-корупција;**

КУЛТУРНА РАЗЛИЧНОСТ И МЕЃУЗАВИСНОСТ концепти на културна различност и меѓузависност, **меѓу-етнички и меѓу-верски** дијалог и соработка, разрешување на конфликти, **не-дискриминација**, комисии за човекови права и еднаквост, **родова еднаквост;**

МЛАДИ политики за вработување на млади, вклучување во општествените текови, мобилност на млади;

ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКА УНИЈА политики и законодавство на ЕУ, развој на институции, пристап до механизми на поддршка.

Надворешните соработници треба да имаат соодветно образование и тренинг, да бидат способни за работа со различни групи, да владеат со партиципативни техники и методи, да поттикнуваат интеракција и да се способни за тимска работа. Знаењето на странски јазици е предност и тоа како на англискиот, така и на регионалните (албански, српски, романски, бугарски) и источните јазици (руски, турски).

За пријавување треба да се достави ЦВ во формат на МЦМС и листа на краткорочни проекти и задачи.

Форматот на ЦВ, како и други информации може да ги добиете на: sorabotnici@mcms.org.mk

Пријавувањето е постојано отворено. Со избраните надворешни соработници ќе се склучат рамковни договори за надворешни соработници.

МЦМС